**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk**

Уп. бр. 08-115

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Агромаркет Логистиц ДОО Крагујевац, со регистрирано седиште на ул. Краљевачког батаљона бр.235/2, Крагујевац Република Србија, преку Адвокатско друштво Мојсовска и Марковски од Скопје, на седницата одржана на ден 04.10.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Агромаркет Логистиц ДОО Крагујевац, со регистрирано седиште на ул. Краљевачког батаљона бр.235/2, Крагујевац, Република Србија стекнува контрола над Хемомак Пестициди ДООЕЛ Велес, со регистрирано седиште на ул. Вардарска бр.5, с. Долно Каласлари, Велес, преку стекнување на удел, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 04.08.2023 година а дополнето на 08.08.2023 година, 11.08.2023 година, 15.08.2023 година, 04.09.2023 година и 07.09.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Агромаркет Логистиц ДОО Крагујевац, со регистрирано седиште на ул. Краљевачког батаљона бр.235/2, Крагујевац, Република Србија со која Агромаркет Логистиц ДОО Крагујевац стекнува контрола над Хемомак Пестициди ДООЕЛ. Велес, со регистрирано седиште на ул. Вардарска бр.5, с. Долно Каласлари, Велес, преку стекнување на 76% удел во основниот капитал.

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk**

Комисијата при испитување на известувањето и оценка на концентрацијата, ја утврди следната фактичка состојба:

**1. Учесници во концентрацијата: фирма, седиште и предмет на работење:**

Агромаркет Логистиц ДОО Крагујевац, со регистрирано седиште на ул. Краљевачког батаљона бр.235/2, Крагујевац Република Србија е правно лице во кое како основач и сосопственик се појавува физичко лице Душан Мојсиловиќ со 100% удел во капиталот, а истото е дел од Агромаркет Групацијата, кое заедно со своето матично правно лице Агромаркет ДОО Крагујевац, за своја примарна дејност ја има трговијата со средства за заштита на билки, семенска и меркантилна роба, ѓубрива, гарден производи и земјоделска механизација. Подносителот поконкретно се бави и со инвестиции во силосни капацитети, ладилници и останати складишта, за пружање на услуги во складиштење и логистика на семенска роба, ѓубрива, меркантилна роба и набавка на земјоделска механизација за потребите на претпријатијата кои се дел од Групацијата.

Агромаркет Групацијата има регистрирано присуство и врши промет на стока преку свои партнери и поврзани правни лица низ регионот. Во рамките на Агромаркет Групацијата, дејствува и правното лице Агромаркет 2020 ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Перо Наков бр.144, Скопје, на територијата на Република Северна Македонија, основано во 2020 година, каде како основач и сосопственик се појавува физичко лице Душан Мојсиловиќ со 100% удел во капиталот, а кое за своја главна дејност има увоз и големопродажба на пестициди, а се бави и со трговија со ѓубрива и семенски материјал. Агромаркет 2020 ДООЕЛ Скопје врши трговија на големо со следниве производи: ѓубрива- од производителот Фертико, Ниш, пестициди - од производителот Баер Германија, фунгицид - од производителот Баер Германија,хербицид - од производителот Баер Германија, инсектицид - од производителот Баер Германија, навлажнувач - од производителот Баер Германија и семенски материјал - од производителот Баер Германија - бренд Декалб.

Агромаркет 2020 ДООЕЛ Скопје поседува 2 подружници на територијата на Република Северна Македонија и тоа во Велес и Битола.

Хемомак Пестициди ДООЕЛ Велес, со регистрирано седиште на ул.Вардарска бр.5, с.Долно Каласлари, Велес е правно лице кое за своја примарна дејност има трговија на големо со хемиски производи.

Хемомак Пестициди ДООЕЛ увезува и дистрибуира пестициди од водечки светски брендови: BASF SE и BASF Agro, Corteva Agriscience, Bayer, UPL Europe, Cosaco GmbH, Belchim Crop Protection, Galenika-Fitofarmacija AD.

Хемомак Пестициди ДООЕЛ врши дистрибуција на течни минерални ѓубрива Agrosal на Алкалоид АД Скопје, микробиолошки ѓубрива на Agrounik Македонија, ѓубривата SQM од Агромаркет 2020

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Скопје, како и увоз и дистрибуција на водорастворливи кристални ѓубрива Fitofert од Agromarket doo Србија.

Хемомак Пестициди ДООЕЛ врши увоз и на биоцидни производи за дезинфекција, дезинсекција и дератизација преку соработка со домашни партнери како Алкалоид АД Скопје и увоз и дистрибуција на производи од странски партнери како Ekosan doo Србија, Galenika-Fitofarmacija AD Србија и BASF AgroШвајцарија.

Хемомак Пестициди ДООЕЛ располага со вкупно 8 подружници, преку кои се врши трговија на големо, но во значително помал обем се врши и трговија на мало. Крајните корисници како што се земјоделски комбинати, земјоделски аптеки, останати правни лица чија дејност е поврзана со трговија со хемиски производи, индивидуални земјоделци, фармери ја вршат својата набавка директно од добавувачот  или преку нивната дистрибутивна мрежа. Подносителот, по спроведувањето на концентрацијата има за цел да ја искористи веќе постоечката дистрибутивна мрежа на Хемомак Пестициди ДООЕЛ за пласирање на своите производи на пазарот на територијата на Република Северна Македонија.

**2. Правна форма на концентрацијата**

Правна форма на концентрацијата е стекнување на контрола во смисла на член 12 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Агромаркет Логистиц ДОО Крагујевац има намера да стекне 76% удел во основниот капитал на Хемомак Пестициди ДООЕЛ Велес.

**3. Правен основ на концентрацијата**

Правниот основ на концентрацијата е Договор за пренос на удел со надомест, склучен на ден 03.08.2023 година, врз основа на кој Агромаркет Логитиц ДОО Крагујевац ќе се стекне со 76% удел во основниот капитал на Хемомак Пестициди ДООЕЛ Велес.

**4. Вкупен годишен приход на учесниците на концентрацијата**

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Вкупниот годишен приход на Агромаркет Групацијата, остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар во 2022 година, како година која претходи на концентрацијата изнесува ххх [1]РСД[2] или ххх евра[3] или приближно ххх денари.

Вкупниот годишен приход на Агромаркет 2020 ДООЕЛ Скопје, остварен со продажба на стоки и/или услуги на пазарот во Република Северна Македонија во 2022 година, како година која претходи на концентрацијата изнесува ххх евра или ххх денари.

Вкупниот годишен приход на Хемомак Пестициди ДООЕЛ Велес, остварен со продажба на стоки и/или услуги на пазарот во Република Северна Македонија во 2022 година, како година која претходи на концентрацијата изнесува ххх евра или ххх денари.

Хемомак Пестициди ДООЕЛ Велес не остварува приходи од продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар.

Заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на светскиот пазар го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност и еден од учесниците е регистриран во Република Северна Македонија. Исто така, заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на пазарот во Република Северна Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност. Следствено, известената концентрација е предмет на одобрение од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно член 14 став (1) точка 1 и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

## 5. Релевантни пазари
### 5.1. Релевантен пазар на производ

Како што е погоре наведено, Агромаркет 2020 ДООЕЛ Скопје врши трговија на големо со ѓубрива, фунгициди, хербициди, инсектициди, навлажнувачи и семенски материјал.

---

[1] Податоците се деловна тајна

[2] (среден курс на Народна банка на Република Србија на 31.12.2022 година, 1 Евро=117,3224 РСД)

[3] среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на 31.12.2022 година, 1 евро = 61,4932 денари)

Хемомак Пестициди ДООЕЛ Велес врши трговија на големо со фунгициди, хербициди инсектициди, течни минерални ѓубрива и биоцидни производи за дезинфекција, дезинсекција и дератизација и семиња.

За целите на оценка на пријавената концентрација и со оглед на предметот на работење на учесниците во концентрацијата, Комисијата ги анализираше следните релевантни пазари на производ и тоа:

- **пазарот на фунгициди,**
- **пазар на хербициди и**
- **пазар на инсектициди**

со оглед на фактот што учесниците во концентрацијата се поклопуваат токму на овие пазари.

По однос на пазарот на семенски материјал, во изминатата 2022 година Агромаркет 2020 ДООЕЛ Скопје дел од својот приход го остварил од продажба на семиња и тоа исклучиво продажба на семиња за пченка, додека Хемомак ДООЕЛ\ Велес, во истата година, остварил приход од продажба на семиња за јачмен и пченица.

По однос на пазарот на ѓубрива, вкупниот приход на Агромаркет 2020 ДООЕЛ Скопје остварен од продажба на ѓубрива во текот на 2022 година, го остварил од продажба на ѓубривата исклучиво и единствено кон целното правно лице Хемомак ДООЕЛ Велес. Продажба на наведениот производ-ѓубрива од Агромаркет 2020 ДООЕЛ Скопје кон останати неповрзани правни лица не е остварен.

### 5.2. Релевантен географски пазар

Релевантен географски пазар за оценка на предметната концентрација е територијата на Република Северна Македонија.

### 6. Проценка на пазарните удели на учесниците во концентрацијата

| Релевантен пазар | Пазарно учество на Агромаркет 2020 ДООЕЛ | Пазарно учество на Хемомак Пестициди ДООЕЛ | Заедничко пазарно учество по концентрацијата |
|---|---|---|---|
| фунгициди | 0-5% | 20-30% | 20-30% |
| хербициди | 0-5% | 30-40% | 30-40% |
| инсектициди | 0-5% | 30-40% | 30-40% |

| Останати учесници на пазарот | Агро Јуником ДООЕЛ | Агрохемија ДООЕЛ | Холма ДООЕЛ | Агриматко ДООЕЛ | Маган-мак ДООЕЛ | Семенарство Промет ДООЕЛ | останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| фунгициди | 20-30% | 10-20 % | 5-10% | 5-10% | 5-10% | 0-5% | 0-5% |
| хербициди | 30-40% | 5-10% | 5-10% | 10-20% | 0-5% | 0-5% | 0-5% |
| инсектициди | 30-40% | 10-20% | 5-10% | 0-5% | 5-10% | 0-5% | 0-5% |

## 6.1 Релевантен пазар – пазар на фунгициди

Фунгициди се хемиски соединенија кои служат за уништување на фитопатогени печурки, како и за сузбивање на таканаречени псеудо-печурки. Овие организми предизвикуваат болести кај одредени видови на посеви и неретко доведуваат до целосно уништување на посевите Фунгицидите делуваат на одредени и карактеристични видови на вакви микроорганизми.

Согласно податоците доставени од подносителот, пазарното учество на Агромаркет 2020 ДООЕЛ Скопје за 2022 година изнесува 0,78% додека пазарното учество на Хемомак Пестициди ДООЕЛ Велес изнесува 27,54%. По концентрацијата, заедничкото пазарно учество на учесниците во концентрацијата ќе изнесува 28,32%.

HHI пред концентрацијата изнесува 1996.
HHI по концентрацијата изнесува 2039.
Пораст (делта) на HHI изнесува 43.

## 6.2 Релевантен пазар – пазар на хербициди

Хербициди се хемиски соединенија кои служат за уништување на непожелни билки кои растат на посевите (агроекосистеми). Таквите билки се нарекуваат плевел. Хербицидите по својата намена можеме да ги поделиме на хербициди за уништување на теснолисен плевел и на хербициди за широколисен плевел, а постојат и хербициди кои се однесуваат на уништување и на двата вида на плевел.

Согласно податоците доставени од подносителот, пазарното учество на Агромаркет 2020 ДООЕЛ Скопје за 2022 година изнесува 3,59% додека пазарното учество на Хемомак Пестициди ДООЕЛ Велес изнесува 31,41%. По концентрацијата, заедничкото пазарно учество на учесниците во концентрацијата ќе изнесува 35%.

HHI пред концентрацијата изнесува 2146.
HHI по концентрацијата изнесува 2372.
Пораст (делта) на HHI изнесува 226.

**6.3 Релевантен пазар – пазар на инсектициди**

Инсектициди се хемиски соединенија кои служат за уништување на штетни организми инсекти кои ги уништуваат посевите, односно се хранат со нив, притоа пренесувајќи им штетни вируси и со тоа доведуваат до изумирање на посевите. Според начинот на кој делуваат на инсектите, можеме да ги поделиме на: нервни, мусклуаторни, јувенилни и дигестивни.

Согласно податоците доставени од подносителот, пазарното учество на Агромаркет 2020 ДООЕЛ Скопје за 2022 година изнесува 0,21% додека пазарното учество на Хемомак Пестициди ДООЕЛ Велес изнесува 34,33%. По концентрацијата, заедничкото пазарно учество на учесниците во концентрацијата ќе изнесува 34,54%.

HHI пред концентрацијата изнесува 2661.
HHI по концентрацијата изнесува 2676.
Пораст (делта) на HHI изнесува 15.

**7. Детален опис на организацијата на дистрибутивната или малопродажната мрежа на стоки и/или услуги на релевантниот пазар**

Агромаркет 2020 ДООЕЛ Скопје поседува 2 подружници на територијата на Република Северна Македонија и тоа во Велес и Битола.

Најголеми купувачи на производите кои ги дистрибуира Агромаркет 2020 ДООЕЛ Скопје се: Хемомак Пестициди ДООЕЛ Велес, ЗК Пелагонија АД, Илинден АД Скопје, Семенара Про ДООЕЛ Скопје, Клечовце ДЗП Куманово.

Притоа, од вкупниот приход остварен од продажба на големо за изминатата година на правниот субјект Агромаркет 2020 ДООЕЛ Скопје, најголем процент (80,1%) од целокупното тргување на овој правен субјект отпаѓа на тргувањето со целното друштво Хемомак Пестициди ДООЕЛ Велес, кое истите понатаму ги продава на големо и мало.

Хемомак Пестициди ДООЕЛ Велес, има мрежа на дистрибуција како и регистрирани подружници на територијата на Република Северна Македонија. Хемомак Пестициди ДООЕЛ Велес располага со вкупно 8 подружници, преку кои се врши трговија на големо, но во значително помал обем се врши и трговија на мало. Крајните корисници како што се земјоделски комбинати, земјоделски аптеки, останати правни лица чија дејност е поврзана со трговија со хемиски производи, индивидуални земјоделци, фармери ја вршат својата набавка директно од добавувачот или преку нивната дистрибутивна мрежа. Подносителот, по спроведувањето на концентрацијата има за цел

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

да ја искористи веќе постоечката дистрибутивна мрежа на Хемомак Пестициди ДООЕЛ Велес за пласирање на своите производи на пазарот на територијата на Република Северна Македонија

**8. Структура на имателите на акции во претпријатието над кое се стекнува контрола односно решавачко влијание, пред и после спроведената концентрација (изразена во проценти)**

**8.1. Структура на иматели на акции во претпријатието над кое се стекнува контрола – пред спроведувањето на концентрацијата:**

| Акционери | Учество (%) |
|---|---|
| 1. Горан Јовановиќ | 100 |
| **Вкупно** | **100** |

**8.2. Структура на иматели на акции во претпријатието над кое се стекнува контрола – по спроведувањето на концентрацијата:**

| Акционери | Учество (%) |
|---|---|
| 1. Горан Јовановиќ | 24 |
| 2. Агромаркет Логистиц ДОО Крагујевац | 76 |
| **Вкупно** | **100** |

**9. Оценка на концентрацијата**

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата, Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата и Насоките за оценка на хоризонталните концентрации за целите на Законот за заштита на конкуренцијата, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk**

По извршената концентрација нема да дојде до значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците, бидејќи по концентрацијата, заедничкото пазарно учество на учесниците во концентрацијата на релевантните пазари изнесува под 40%, а зголемувањето на пазарниот удел на Хемомак Пестициди ДООЕЛ Велес е минимален.

На пазарот на фунгициди по концентрацијата заедничкиот пазарен удел ќе изнесува 28,32%, односно пазарното учество по концентрацијата ќе се зголеми за минимални 0,78%, а дополнително и порастот (делта) на HHI изнесува 43.

Заедничкото пазарно учество на учесниците по концентрацијата на релевантниот пазар на хербициди ќе изнесува 35%, односно пазарното учество ќе се зголеми за 3,59%, а дополнително и порастот (делта) на HHI изнесува 226.

Заедничкото пазарно учество на учесниците по концентрацијата на релевантниот пазар на инсектициди ќе изнесува 34,54%, односно пазарното учество ќе се зголеми за 0,21%, а дополнително и порастот (делта) на HHI изнесува 15.

На релевантните пазари постои конкуренција од добро позиционирани конкуренти, имено прввиот поголем конкурент на пазарот на фунгициди има пазарен удел од 28,74%, додека следниот конкурент има удел од 12,17%.

На пазарот на хибрициди исто така првиот следен учесник има удел од 30,10%, додека третиот учесник има удел од 15,30%. На пазарот на инсектициди првиот следен учесник има удел од 35,47%, додека третиот учесник има удел од 7,6%.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**